# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВИНИЦА ЗА 2008 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Во извештајот за работатата на Основниот суд во Виница за 2008 година се дадени податоци за обемот на работата на судот во 2008 година, ажурноста, квалитетот на работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршувањето на работата, судската управа, како и оценки за работата на судот и судиите.

## II. ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работата во судот ги опфаќа предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот од казнивата и граѓанската област на правото, прикажани преку сумарниот преглед на предметите по овие области (Табела бр.1), опис на предмети по области, нерешени предмети од претходната година, примени во 2008 година, вкупно во работа, решени предмети и нерешени предмети со состојба на 31.12.2008 година. Сооднос помеѓу предметите на почетокот на годината 01.01.2008 година и на крајот од годината 31.12.2008 година.

### А.ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА РАБОТА ВО СУДОТ ВО 2008 ГОДИНА. (Табела бр.1)

Движењето на обемот на предметите за работа во судот е даден во табела бр.1

Од прегледот може да се заклучи дека на 01.01.2008г. останати предмети од претходната година има 1520, примени нови во 2008 година има 2193 предмети, или вкупно во работа биле 3713 предмети, од кои решени се 3038 предмети а останале нерешени 675 предмети. Во 2008г. има намалување во однос на 2007година за 845 предмети.

### Б. КАЗНИВА ОБЛАСТ
#### 1. Истражни предмети

На 01.01.2008година останале нерешени 4 истражни предмети, примени во 2008 година 11 предмети или вкупно биле во работа во 2008 година 15 предмети. Завршени се 14 предмети, останал на 31.12.2008 година 1 нерешен предмет. Во однос на 2007 година, заостатокот на предметите е намален за 3 предмети .

Во 2008 година мерка притвор е определено во еден предмет против едно лице.

Проблеми воочени во извештајната година во работењето на истражниот судија се ненавременото вештачење од страна на Бирото за судски вештачења, отсутноста на лицата од местото на живеење, неуредна достава, неодзовувањето на поканите од судот, слично е и со сведоците, дел од барањата за спроведување на истрага од Обвинителството се неквалитетно изработени и во поголем дел во текот на постапката во истрагата не присуствува обвинителот.

**2. Истражни дејствија**

Од претходната година останале нерешени 2 предмети, примени се во работа во 2008 година 21 предмети, или вкупно во работа во 2008 година биле 23 предмети. Завршени во 2008 година има 21 предмет, останале незавршени 2 предмети. Во 2008 година е совладан приливот на предмети.

Незавршените предмети се на вештачење во Бирото за судски вештачења.

**3.Кривични предмети против полнолетни лица**

**а)Движење на предметите**

Од 2008 година останале нерешени 18 кривични предмети, примени во работа во 2008 година 61 предмет, или вкупно во работа во 2008 година биле 79 предмети. Завршени предмети во 2008 година, има 63 предмети, останале незавршени предмети на 31.12.2008 година 16 предмети.Во однос на 2007 година заостатокот е намален за 2 предмети.

**б) Жалбена постапка по кривични предмети**

Во 2008 година, од вкупно решените 63 предмети, обжалени се 24 предмети, од тоа потврдени 13 предмети или 54,2%, преиначен 1 предмет или 4,2%, и укинати 6 предмети или 25%. Процентот од вкупно решените предмети изнесува 20,6% потврдени, преиначени 1,6% и укинати 9,5%

**в) Ефикасност во кривичниот прогон**

Односот меѓу ефективно изречените казни и условната осуда како и времетраењето на постапката, ја покажува ефикасноста во кривичниот прогон. Осудителни има 38 предмети. Траењето на постапката по 40 предмети изнесува до 3 месеци, по 7 предмети над 3 до 6 месеци, 12 предмети од 6 месеци до 1 година, 3 предмети од 1 до 2 години и 1 предмет над 2 години.

**г) Казнена политика**

Во 2008 година се решени 63 предмети од кои осудителни има 38 пресуди( подносител во 30 предмети ОЈО-Кочани и во 8 предмети приватен тужител), ослободителни 9 пресуди (подносител во 2 предмети ОЈО-Кочани и во 7 предмети приватен тужител), 5 одбивателни пресуди (подносител во 3 предмети ОЈО Кочани во 2 предмети приватен тужител), со запирање на постапката 9 предмети (подносител: 1 предмет -ОЈО Кочани и 8 предмети приватен тужител), 2 предмети отстапени во надлежност на друг суд и 1 предмет решен со здружување.

Односот помеѓу осудителните, ослободителните, и одбивателните пресуди е: 60,37% осудителни, 14% ослободителни, 4,7% одбивателни пресуди и со запирање на постапката 15,8%.

**д)Вонредни правни лекови во кривичните предмети во 2008 година**.

Во 2008 година во судот има поднесено 1 барања за вонредно ублажување на казна кое е одбиено, 1 барање за повторување на кривичната постапка, истото одбиено , и 2 барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по кои не е одлучено.

Во судот се поднесени и 12 молби за помилување.

**ѓ) Извршување на кривични санкции**

На 01.01.2008г. останале неизвршени 39 кривични санкции, примени уште 10 предмети или вкупно во работа имало 49 предмети. Извршена е санкцијата по 34 предмети, останале неизвршени 15 кривични санкции од кои по 5 предмети е доставено упатни акти, по 1 е доставено наредба за приведување, по 5 е издадена меѓународна потерница и во 4 предмети е одложено извршувањето на казната.

**5. Прекршочни предмети**

**а)Движење на прекршочните предмети**

На 01.01.2008година останале нерешени 604 предмети, примени во работа во 2008 година 1078 предмети, вкупно во работа во 2008 година 1682 предмети. Во 2008 година се решени 1438 предмети, останале нерешени 244 предмети. Во однос на 2007 година има намалување на заостатокот за 360 предмети.

**б) Жалбена постапка**

Во 2008година по жалба биле 490 предмет од вкупно решените 1438 предмети.

Необжалени се 948 предмети.

Од обжалените 490 предмети, потврдени се 139 предмети или 28,4%, преиначени 296 предмети или 60,4%, и укинати 55 предмети или 11,2%.

Од вкупниот број на решени предмети потврдени се 9,67%, преиначени 20,6%, и укинати 3,8%,

Од вкупниот број на донесени одлуки 1438 необжалени се 948 предмети или 65,9%.

**в) Ефикасност во прекршочниот прогон**

Ефикасноста во прекршочниот прогон се однесува на соодносот помеѓу изречените казни од вкупно решените предмети.

Од вкупно решените 1438 предмети, во 420 предмети е изречена казна или 29,21% , запрена е постапката по 250 предмети или 17,38% (од кои во 28 предмети постапката е запрена поради застареност а во 222 предмети постапката е запрена од други причини), и донесени решенија по 768 предмети односно 53,4%.

**г)Казнена политика**

Од вкупно решените 1438 предмети во 2008 година се донесени 670 пресуди и 768 решенија од кои :

-со ефективна казна 420 предмети и со прекршочна опомена 194 предмети. Во вкупно донесените пресуди опомените се застапени со 28,07%.

**д) Прекршочни санкции**

Прекршочни мерки забрана на управување со моторно возило е изречена во 101 предмет. Посебна санкција одземање на предмети е изречено во 14 предмети по Законот за шуми и во 1 предмет по Законот за авторско право.

**ѓ)Вонредни правни лекови**

По прекршочните предмети завршени со правосилна пресуда не се поднесени вонредни правни лекови.

**е)Извршување на прекршочни санкции**

На 01.01.2008г. останале неизвршени 445 предмети, примени се во работа во 2008 година 364 предмети, вкупно за извршување имало 809 прекршочни санкции.

Извршени се 627 прекршочни санкции, а останале неизвршени 182 предмети или има намалување во однос на претходната година за 263 предмети.

Од вкупно извршените 627 предмети, наплатени се казни по 150 предмети, испратени на извршување во друг суд 28 предмети за кои судот нема известување дали се извршени или не, испратени на извршување до Јавно правобранителство на РМ- 286 предмети ( нема повратна информација судот, дали предметите се извршени) и застарени 123 предмет (62 предмети за кои судот нема уредна достава, 38 предмети лицата се во странство, а во 23 предмети не се наплатени паушалните трошоци).

## В. ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ
### 1.Граѓански предмети
### а). Движење на парнични предмети

На 01.01.2008година останале нерешени 123 предмети, примени се во работа 283 предмети, или вкупно во работа 406 предмети. Решени се 365 предмети, останале нерешени 41 предмет. Во однос на 2007 година има намалување на заостатокот за 82 предмети.

Со пресуда се решени 156 предмети или 42,74%, со спогодба се решени 46 предмет или 12,6% и на друг начин се решени 163 предмет или 44,65 %

### б).Жалбена постапка

Во текот на 2008 година обжалени биле 90 предмети, од кои се потврдени 60 предмети или 66,66%, преиначени 6 предмети или 6,66%, укинати 13 предмети или 14,44% и делумно укинати 6 предмети или 6,66%.

Према вкупниот број на решените 365 предмети, потврдени се 16,43%, преиначени 1,6%, укинати 3,56% и делумно укинати 1,6%.

### в).Вонредни правни лекови

Во 2008 година поднесено е ревизија по 8 предмети. Од страна на Врховен суд добиено е одлука по 6 предмети и сите 6 предмети се потврдени. За 2 предмета судот нема добиено одлука од Врховен суд.

### 2.Оставински предмети

На 01.01.2008година останале нерешени 11 предмети, до 01.03.2008 година во судот примени се 31 предмет кои и останале во работа во судот. Од месец март 2008 година спроведувањето на оставинската постапка, го врши нотарот како повереник на судот, од кога доверени оставински предмети на нотарот има 124 .

Во 2008 година примени се вкупно 155 предмети или вкупно во работа во 2008 година имало 166 предмети, од кои во судот 42 предмети, кои се решени и кај нотарот 124 предмети од кои решени се 68 предмети . Останале нерешени 58 оставински предмети кои се наоѓаат кај нотарот .

### 3.Вонпроцесни предмети

На 01.01.2008г. останале нерешени 5 предмети, примени се 31 предмет или вкупно во работа биле 36 предмети, од кои завршени 31 предмет, останале 5 предмети незавршени од кои еден предмет е во Основен суд Берово определен како надлежен суд за постапување по тој предмет.

Во овие предмети се евидентирани збирно разни граѓански и ВПП предмети .

### 5.Извршни граѓански предмети.

На 01.01.2008г. извршни граѓански предмети имало 257 предмети, од тие предмети се извршени 151 а останале неизвршени 106 предмети.

### 6.Платни налози.

Во 2008 година поднесени се 113 тужби со платни налози од кои 99 се решени со издавање на платни налози и 14 предмети на друг начин. Поднесени се 2 приговори против издадените платни налози и истите се решени.

До Претседателот на судот поднесени се 13 приговори за отстранување неправилности при извршувањето од извршителот и сите се решени од кои по 1 предмет е прифатен приговорот, 9 се одбиени и 3 се отстапени на надлежност на друг суд.

## III. АЖУРНОСТ

## А. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста на судот е прикажана преку совладување на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите .

### 1.Ажурност према совладувањето на приливот на предметите во текот на годината

Спрема овој критериум судот не се смета за ажурен ако не го совлада приливот на предметите во текот на годината.

Од прегледот (Табела бр.1) може да се заклучи дека од приливот во текот на годината од 2193 предмети, се решени 3038 предмети, што значи дека судот го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот на предмети за 845 предмети.

### 2.Ажурност спрема времетраењето на постапката (Табела бр.10)

Спрема овој критериум се прикажува времетраењето на решавањето на предметите во судот: предмети решени до 3 месеци, од 3 до 6 месеци, од 6 месеци до 1 година, од 1 до 2 години и предмети решени над 2 години. (Табела бр.10)

Во прегледот на траењето на постапката (Табела бр.10) се прикажани вкупно решените: истраги, кривични предмети за полнолетни лица и парнични предмети во 2008 година, од тоа истраги 14 предмети, кривични предмети за полнолетни лица 63 предмети и парнични предмети 365.

Према времетраењето :

- до 3 месеци траела постапката по 272 предмети
- од 3 до 6 месеци траела постапката по 87 предмети
- од 6 месеци до 1 година траела постапката по 53 предмети,
- над 1 година постапката траела по 13 предмети.

Во траење на постапката до 3 месеци се решени 61,53%, од 3 до 6 месеци 19,68%, од 6 месеци до 1 година 11,99%, и над 1 година 2,94%.

Ако понатаму ги групираме во две групи ќе добиеме до 6 месеци предметите се решавани во 81,22% а над 6 месеци во 18,77%.

### 3.Ажурност спрема бројот на старите нерешени предмети (Табела бр.12)

Спрема овој критериум за стари предмети ќе се сметаат незавршените предмети кои за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година. (Преглед на нерешени стари предмети- во прилог).

Стари нерешени предмети во работа во Основен суд Виница нема.

Има еден вонпарничен предмет - физичка делба ВПП.бр. 4/06, кој предмет е заведен во Основен суд Виница но по истиот поради изземање на судиите во Основен суд Виница постапува Основен суд Берово.Предметот не е решен.

Извршни стари предмети има вкупно 106 и тоа: 3 предмети од 2000та година, 11 предмети од 2001 година, 6 од 2002 година, 9 од 2003 година, 20 предмети од 2004 година, 25 од 2005 година и 25 предмети од 2006 година.

### 4.Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предмети од страна на судиите

Спрема овој критериум како апсолутно ефикасен суд ќе се смета оној суд кој има заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети за работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кои заостатокот на

нерешени предмети изнесува 1 година или повеќе ќе се сметаат како не ефикасни судови.

Согласно овој критериум се дадени нерешени предмети на 31.12.2008г. како и просекот на решените предмети во текот на извештајната година за 10,5 месеци кој изнесува 289,33 предмети месечно, ако заостатокот на предмети во судот од 675 предмети се подели со 289,33 предмети се добива заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат за 2,33 месеци.

Согласно овој критериум Основниот суд Виница е апсолутно ефикасен суд.

Сметаме дека секој од судиите во Основен суд Виница во текот на годината остварил резултати по број и квалитет (бројот на предметите што ги имал во работа во однос на вкупно решените предмети) кои значат ефикасно работење.

Основен суд Виница , 28.01.2009год.

**Претседател на судот,**
**Васка Петрова**